РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
Бр. 08-2850/1
10.12. 2025 год.
ДЕЛЧЕВО

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

Црвен крст на Република Северна Македонија
- Општинска организација
Бр. 0302-280/1
28.11. 2025 год.
ДЕЛЧЕВО

**МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА**

**ПОМЕЃУ**

**ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - ОПШТИНСКА ОРГАНИЗАЦИЈА ДЕЛЧЕВО**
**и**
**ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

Склучен на ден 28.11.2025 година помеѓу:

1. Црвениот крст на Република Македонија-Општинска организација Делчево, претставувана од Ивана Ангеловски, во својство на Секретар; и
2. Иван Гоцевски, претставуван од Општина Делчево во својство на Градоначалник.

со желба да ги регулираат взаемните односи во областа на здравствено превентивните активности, крводарителството, првата помош, подготвеност и одговор при катастрофи и дисеминацијата на знаењата за Црвениот крст и Меѓународното хуманитарно право (МХП) и хуманите вредности со промовирање на волонтерството, а во согласност со важечкото законодавство и интерните акти, се договорија за следното:

**ЦЕЛИ НА МЕМОРАНДУМОТ**

Член 1
**Генерална цел**

Да се обезбеди координација во делувањето помеѓу двете институции за реализација на програми од областа на здравствено-превентивните активности, крводарителство, укажување на прва помош и дисеминација на знаењата за Црвениот крст и Меѓународното хуманитарно право, имајќи ги предвид потребите на заедницата а пред се ранливите категории на граѓани.

Член 2
**Специфични цели**

1. **Крводарителство**

Промовирање на доброволно крводарување и организирање на крводарителски акции.

2. **Прва помош**

Реализирање на активности од првата помош поради позитивните импликации кои таа ги има во секојдневниот живот, во услови на катастрофи, во превенција на заболувања и пред сé во промоција на здраво и сигурно однесување на членовите во заедницата.

3. **Здравствено-превентивни активности**

Учество во заеднички кампањи за промоција на здравствено превентивни и хуманитарни активности за подигање на свеста на граѓаните за социјална одговорност во заедницата.



7

**4. Дисеминација на МХП**

Промовирање на МХП и Меѓународното движење на Црвениот крст и Црвената полумесечина преку реализирање на едукативни активности.

**5. Подготвеност и одговор при катастрофи**

Соработка и учество во активности од превенција, рано предупредување и справување со ризици и опасности кои можат да го загрозат животот и здравјето на луѓето, материјалните, културните и природните добра, со цел подигање на јавната свест кај општата популација и образовните институции.

6. **Промовирање на хуманите вредности и волонтерството**

Реализирање на активности за промовирање на хумани вредности кај општата популација и промовирање на волонтерството во хуманитарни активности.

Член 3

Договорните страни преку реализација на програмите што се од заеднички интерес, ќе обезбедат:

- идентификување и намалување на ранливоста;
- намалување на ризикот на изложеност;
- ублажување и отстранување на последици од елементарни непогоди и други несреќи;
- едукација на целни групи и
- помагање на институциите и организациите од јавен интерес.

Член 4

Договорните страни, ќе обезбедат меѓусебна соработка, внатрешна поддршка и соработка со други институции и организации, вклучувајќи:

- координираност во имплементацијата на активностите;
- меѓусебно информирање и известување.

Член 5

**Заеднички иницијативи**

Со овој меморандум двете страни се ангажираат да ги реализираат следните заеднички иницијативи:

- Ќе воспостават постојан линк на своите веб страници, страни и профили на социјални медиуми и на сите други погодни начини ќе разменуваат информации за спроведените или планирани активности од заеднички интерес;

- Ќе назначат одговорно лице за соработка кое ќе биде информирано за сите иницијативи и ќе биде формален контакт за соработка

- По потреба ќе организираат заеднички работни групи за реализација на одредени конкретни активности;

- Ќе организираат други соодветни начини за заедничка работа за остварување на заеднички цели.



7

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Член 6

Овој меморандум за соработка се склучува на 5 (пет) години.

Член 7

Меморандумот влегува во сила со денот на потпишувањето.

Член 8

Во случај на било каков спор и тешкотија во имплементација на одредбите на овој меморандум, страните веднаш меѓусебно се консултираат. Доколку било која од страните одлучи да го прекине меморандумот за соработка, тоа мора да се направи со формално писмено известување до другата страна, три месеци однапред, наведувајќи ја причината.

Член 9

Овој меморандум е потпишан во 4 (четири) еднообразни примероци, од кои по 2 (два) за секоја договорена страна.

Делчево, 28.11.2025 година

| | |
|---|---|
| **За Црвен крст на Република Северна Македонија** | **За Општина Делчево** |
| **Општинска организација Делчево** | |
| **Секретар,** | **Градоначалник,** |
| **Ивана Ангеловски** | **Иван Гоцевски** |